РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
"ГРАДОНАЧАЛНИК"
Бр. 09-195/1
28.02.2025 год.
ДЕМИР КАПИЈА

Архивски знак: 0901
Рок на чување: трајно
19 година
Потпис,

**Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите**

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | Општина Демир Капија |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Тања Петрова - Координатор за еднакви можности на Општина Демир Капија (Раководител на одделение) |
| **Период на известување** | 01.01.2024 година - 31.12.2024 година |
| **Дата на поднесување на извештајот** | 28.02.2025 година |

**Име и презиме (Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)**

Градоначалник на општина Демир Капија, **Лазар Петров**

**Датум:** 28.02.2025 година

**Потпис:**

**(Прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика)**

**Датум:**

**Име Презиме** (на Раководител на сектор за еднакви можности) **:**

**Потпис:**

## 2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ (ЗЕМ)

**2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**

**А) Позитивни**

**Б)Охрабрувачки √**

**В) Програмски**

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**

- Реализација на програмата за еднакви можности преку јавен повик каде што може да се пријавуваат невладини организации за реализација на програмата.
- Постојано следење на програмите и извештаите на институциите под надлежност на локалната самоуправа за спроведување и унапредување на принципот на еднакви можности,
- Воведување на принцип на еднакви можности при спроведување на проекти од областа на социјалата ˝**Општинско корисна работа**˝. Проектот е финансиран од UNDP. Истиот е замислен да функционира на принципот - давање на услуги од страна на стручни, млади невработени лица во склоп на ЈОУДГ Борис Трајковски Демир Капија за кои беа организрани обуки со кои истите се здобија со лиценци како квалификација за вршење на работи и задачи како негователи. Преку оваа социјална услуга директно се обезбедува помош и можност за вработувања на маргинализираните лица на територијата на локалната самоуправа. Преку оваа социјална услуга, општината врши ангажирање на невработени лица, во периодите кога се јавува потреба од дополнителен број на работници и преку неа работно се ангажирани вкупно 3 лица - жени од кои сите тројца извршуваат работни задачи како фасилитатори. На овој начин, со работно ангажирање на оваа категорија на граѓани им се овозможува социјално вклучување и дополнителен паричен надоместок,
- Во текот на 2024 година, беше активен проектот "**Јавни работи**" организиран преку Агенција за вработување. Во проектот беа вклучени лица во социјален ризик кои беа задолжени за одржување на хигиената на териоторијата на општина Демир Капија и дел од институциите кои што се во склоп на општината. Преку овој проект беа ангажирани 8 лица одкои 5 мажи и 3 жени. Преку оваа социјална услуга директно се обезбедува помош и можност за вработувања на маргинализираните лица на територијата на локалната самоуправа,
- Воспоставување на современи социјални услуги во заедницата во општина Демир Капија. Општина Демир Капија во соработка со Здружението Хуманост (кој е давател на услуги) во рамките на **Проектот за подобрување на социјалните услуги** на Министерството за труд и социјална политика и финансиски поддржан од Светска банка, потпиша договор за грант за развој на услугата помош и нега во домот.Услугата се состои од:

Услуга во домот-Центар за помош и нега во домот во Општина Демир Капија. Преку оваа услуга вработени се 14 негователки и 1 координатор на проектот. Сите од вработените се жени.
(30 корисници за период од 12 месеци – од кои 21 жени и 9 мажи)

**<u>Помош и нега во домот</u>**

Општина Демир Капија во соработка со здружението Хуманост аплицираше на Јавниот повик за социјални услуги од страна на МТСП со Светска Банка. Проектните активности се насочени кон воспоставување на нова социјална услуга во општината односно услуга во домот - помош и нега во домот, при што ќе бидат опфатени 30 корисници од кои 21 лица се жени и 9 се мажи. (возрасни лица, лица со хронични болести и лица со попреченост). Оваа услуга ќе им овозможи помош и поддршка на корисниците во исполнувањето на секојдневните потреби со цел да се подобри и одржува квалитетот на нивниот живот и да се спречи или одложи сместувањето во институциите. За испорака на услугата се овозможи професионална обука и вработување за 14 лица-сите се жени (невработени лица, лица со ниска квалификација, лица во социјален ризик) кои веќе се стекнаа со потребните компетенции и вештини. работен е и 1 координатор на проектот кој исто така е жена.

**<u>Живеење со поддршка</u>**

Општина Демир Капија во соработка со здружението Хуманост и согласно податоците од мапирањето во периодот започна со давање на услугата – живеење со поддршка на лица со

попреченост. Услугата ќе има за цел да придонесе за независно и самостојно живеење на 15 лица со попреченост и нивно активно и рамноправно учество во заедницата и во општеството во целина (10 жени и 5 мажи). За испорака на оваа услуга ќе се овозможи вработување на 15 лица (невработени лица од кои 14 жени и 1 маж, лица со стручна квалификација кои ги имаат потребните компетенции и вештини.

- Проект "**Реконструкција на улица во с.Прждево**", со кој е предвидена е изградба на улица во село Прждево. Планирани средства од **3.658.000,00** денари средства обезбедени од Министерство за локална самоуправа-Биро за регионален развој и општина Демир Капија. Изградбата е завршена,
- Проект "**Реконструкција на фекална канализација на крак 4 од улица Партизанска во Демир Капија**" со кој е предвидено реконструкција на фекалната канализација на крак 4 од улица Партизанска во Демир Капија. Планирани средства од **931.091,98** денари средства планирани и обезбедени од буџетот на општина Демир Капија. Изградбата е завршена,
- Проект "**Реконструкција на крак 4 на улица Партизанска во Општина Демир Капија**". Планирани средства од **3.853.684,95** денари средства обезбедени од Министерство за локална самоуправа-Биро за регионален развој и општина Демир Капија. Изградбата е завршена,
- **Проект за надградба на дел од канализациона мрежа, колекторски систем за одведување и пречистување на отпадни води за град Демир Капија** со кој е предвидено да се надгради веќе започнатата нова канализациона мрежа за одведување и прочистување на отпадни води за град Демир Капија. Планирани средства од **6.139.266,48** денари средства обезбедени од Министерство за животна средина и просторно планирање и општина Демир Капија. Изградбата е завршена,
- Проект **Реконструкција на каптажа – дел од водоснабдителен систем" (с.Барово и с.Бесвица)** со кој е предвидено да се реши проблемот со водоснабдување во с.Барово и с.Бесвица. Планирани средства од **2.711.132,95** денари средства обезбедени од Министерство за животна средина и просторно планирање и општина Демир Капија. Изградбата е завршена,
- Проект **Реконструкција на партерно уредување на КП 659 во населено место Бистренци, општина Демир Капија** со кој е планирано да се реконструира делот позади градинката во с.Бистрнци и да се наместат детски реквизите кои се донација од ДММ Дрекслмајер Мануфактуринг Кавадарци со кој општина Демир Капија соработува подолг временски период. Планирани средства од **2.625.792,64** денари средства планирани и обезбедени со Буџетот на општина Демир Капија. Изградбата е во тек.
- Проект за **Реконструкција на дел од локален пат с.Корешница-с.Челевец** каде што е планирано изградба на локален пат кој ќе ги поврзе двете села и со кој ќе се подобри инфраструктурата на општината, комуникацијата на овие рурални средини со градската. Планирани средства од **7.222.946,38** денари средства обезбедени од Министерството за транспорт и општина Демир Капија. Изградбата е во тек.
- Проект "**Реконструкција на фекална канализација и водоводна линија на ул.Кирил и Методиј во Демир Капија**"со кој е предвидено да се реконструира и надгради водоводната и канализационата мрежа на ул.Кирил и Методиј и да се приклучат нови лица на мрежата. Планирани средства од **1.609.555,40** денари средства обезбедени од општина Демир Капија. Изградбата е завршена.

Проект "**Реконструкција на ул.Кирил и Методиј" во Општина Демир Капија**" со кој е предвидено да се реконструира ул.Кирил и Методиј. Планирани средства од **1.857.770,76** денари средства обезбедени од општина Демир Капија. Изградбата е завршена.

- Проект **Изградба на електрични инсталации за улично осветлување во општина Демир Капија – ул. „Обиколница" и ул. „Парк" во Д.Капија**. Со овој проект се реши повеќе дедениският проблем со осветлувањето во општина Демир Капија на критични места и зголемена е безбедноста граѓаните кои се движат по паркот и обиколницата. Планирани средства од **10.025.858,20** денари средства обезбедени од Министерство за транспорт и врски. Изградбата е завршена.
- Набавка на училишен прибор и опрема за ученици од 1 ( прво) одделение.
- Доделени се новогодишни пакетчиња и социјални пакети на лица од социјално загрозени семејства,.
- Развивање на здравствената култура – трибини на тема: алкохолизам, зависности од дрога,

| |
|---|
| пушење, хипертензија, рак на дојка, рак на матка, проблеми со простата кај мажите.<br>- Народна кујна - проектот „**Народна кујна**" преку кој се обезбедува топол оброк за најзагрозените граѓани, кој се реализира во соработка помеѓу Министерството за труд и социјална политика, Општина Демир Капија и Меѓуопштинскиот центар за социјална работа и со него моментално се опфатени **11 корисници**.<br>- Еднократна парична помош за семејства со новородено, трето и четврто дете.<br>- Изготвена и одобрена **Годишна програма за еднакви можности на општина Демир Капија за 2024 година,** одлука на Совет бр.08-124/8 од 09.02.2024 година,<br>- Финансиско учество на општина Демир Капија во формирањето на првиот регионален советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство со седиште во Кавадарци во чие што формирање учествуваат општините Кавадарци, Неготино, Росоман и Демир Капија. Општина Демир Капија учествува со износ од **50.000,00** денари.<br>- Доделување на еднократна парична помош за социјално загрозени семејства и поединци од страна на Градоначалникот и од страна на Советот на Општина Демир Капија за лекување, за спортски успеси, за елементарни непогоди и сл. |
| **2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**<br>1. Реализација на програмата за еднакви можности од страна на ОЖ Женско лоби Демир Капија кои се пријавија на јавниот повик за реализација на програмата со проект со вклучени активности со наслов: **Унапредување на граѓанското учество во креирање на родово одговорни политики во општина Демир Капија** кој треба да се реализира со средства во износ од **156.000,00 денари.**<br>1. Ангажирање на 3 жени преку проектот "**Општинско корисна работа**" во детската градинка ЈОУДГ Борис Трајковски каде што се згрижуваат голем број на деца и со обучените негователи и фасилитатори им се помага на редовно вработените лица во детската градинка и се олеснува грижата и вниманието за најмалата популација<br>2. Ангажирање на 3 жени преку проектот "**Јавни работи**" во одржување на личната хигиена во институциите и генерално на територијата на општина Демир Капија,<br>3. Набавка на училишен прибор и опрема за ученици од 1 ( прво) одделение,<br>4. Доделени се новогодишни пакетчиња и социјални пакети на **35 лица** односно семејства во социјален ризик (20 новогодишни пакетчиња + 15 социјални пакети, согласно доставените податоци од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа - Неготино,<br>5. Поголема безбедност на децата, родителите и сите граѓани, како и безбедност на имотот на општината. (Со реализација на Програмата за јавно осветлување е вклучен концептот на еднаквост со сеопшта безбедност на граѓаните по пол, возраст и национална припадност исклучена е можноста за дискриминација),<br>6. Поголема безбедност на децата, родителите и сите граѓани. (Со реализација на планот и програмата за контрола на популацијата на кучиња на општина Демир Капија исто така е вклучен концептот на еднаквост со сеопшта безбедност на граѓаните по пол, возраст и национална припадност исклучена е можноста за дискриминација),<br>7. Организираниот превоз и брзата комуникација е неопходна за сите граѓани од различни возрасти и пол. (Со оваа мерка е вклучен концептот на еднаквост на граѓаните по пол, возраст, национална припадност и е исклучена можноста за дискриминација).<br>8. Усвоена Годишна програма за еднакви можности на општина Демир Капија. Програмата за еднакви можности е делумно реализирана (Реализирано е собирање на родово разделени податоци од стана на општинските служби и остварена соработка со Регионалниот советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство),<br>10. Мажи и жени кои добиле еднократна парична помош.<br>11. Социјален план за подрачјето на општина Демир Капија кој содржи мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи во општината, анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги како и специфичните потреби за развој на социјалните услуги во општината,<br>12. Организирање на трибина во соработка со советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство каде што лицата жени и мажи од градската и руралните средини ќе се запознаат со можностите кои што ги нуди овој центар кој е прв од ваков вид во државата. |

13. Зголемување на % на жени на раководни позиции во општината
14. Детална дата база на корисници по програми и пол.

**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**
1. Намален број на кражби на граѓаните и кривични дела физички насилства,
2. Намален број на поплаки од страна на граѓаните во врска со кучиња - скитници,
3. Задоволни граѓани од организираниот превоз,
4. Родителите се задоволни нема долги листи на чекање и долго чекање за прием во градинка,
5. Проектот за подобрување на социјалните услуги кој е планиран за 2024 година се очекува да бидат сертифицирани 14 негователки за 30 корисници од редот на стари и изнемоштени лица, лица со хронични болести и лица со попреченост кои треба да им пружаат нега на корисниците во домашни услови.
6. Ангажирање на 4 жени-даватели на услуги преку проектот **"Општинско корисна работа"** во детската градинка ЈОУДГ Борис Трајковски. Истите се фасилитатори во детските градинки.
7. Вкупен износ на средства кои се исплатени од Советот на општина Демир Капија за еднократна парична помош се во износ од **364.000,00** денари.
8 . Корисници на одредена услуга по пол,
9. Број на вработени по пол и слично,
10. Детална дата база на корисници по програми и пол,
11. Процент на вклучени жени.

**2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**
**(Во прилог на извештајот ќе бидат доставени копии од следниве документи:**
-Програма за еднакви можности на општина Демир Капија за 2024 година бр.08-124/8 од 09.02.2024 година.

**2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС (согласно член 11 од ЗЕМ):**
- Внесување на посебна ставка за еднакви можности во Буџетот на Општина Демир Капија за 2024 година.
- Водење грижа за реализација на инфраструктурни проекти од кои корист ќе имаат подеднакво двата пола.

Такви се јавното осветлување, вклучувајќи ги и оние кои биле надвор од урбанистичките планови, односно со нелегално изградените објекти кои се легализираа, изградба на водоводи и канализации во рурални места.
- Изградба на паркови и зелени површини со забавни содржини за деца,
- Изградба на улично осветлување на Обиколницата и Паркот.

Координаторот за еднакви можности е во постојана комуникација со одговорните лица од институциите и се врши постојано ажурирање на родово разделените податоци.

Редовно се води евиденција за издадени решенија за парична помош по било кој основ во однос на родовата застапеност.

**2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**
- Добиени податоци од одговорните лица во институциите за бараните податоци, колку корисници на услугите се мажи, а колку се жени,
- Обезбедени средства за еднакви можности во Буџетот на општината за 2024година,

[1]**Аутпут индикаторите** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програми мерки за вработување и др. Преземено од Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

- Број на разгледани барања за финасиска помош со цел утврдување на родова компонента,
- Зголемена безбедност на женската популација во општината,
- Подобрени услови за живот на жените во руралните и урбаните средини,
- Подобро користење на слободното време на мајки со деца во паркови со забавна содржина,
- Зголемен квалитет на животната средина преку изградба на зелени површини.

**2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)**

- Со посебна ставка за родова еднаквост во Буџетот на Општина Демир Капија се предвидени средства во износ од **300.000,00** денари. Со нив треба да се спроведе Програмата за еднакви можности на Општина Демир Капија за 2024 година. Реализација на програмата за еднакви можности е делумно реазлизирана од страна на ОЖ Женско лоби Демир Капија кои се пријавија на јавниот повик со проект со вклучени активности со наслов: **Унапредување на граѓанското учество во креирање на родово одговорни политики во општина Демир Капија** кој се реализира со средства во износ од **156.000,00 денари**

- Зголемен број на учество на жени за 30%,
- Золемување на % на жени на раководни позиции во општината,
- Детална дата база на корисници по програми и пол.

**2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот**

- Буџет на Општина Демир Капија за 2024 година,
- Програма за еднакви можности 2024 година,
- Програма за социјална заштита за 2024 година,

**2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

1.Имаме успешна соработка со владини и невладини организации започнувајќи од МТСП и секторот за еднакви можности, Комисија за еднакви можности во Парламентот на РСМ, Комисии за еднакви можности од други општини како на пример Св.Николе, Неготино, Кавадарци, Штип итн.

2.ЕЛС во рамките на активности има остварено соработка со невладина организација **ОЖ Женско лоби** која е активна на полето на еднаквите можности на жените и мажите.

3. ЕЛС соработува со невладината организација Организација на жени Св.Николе,
4. ЕЛС соработува со шведската фондација **Квинна тилл Квинна**,
5. Соработка со здружение **Хуманост – Скопје**,
6. Соработка и организирање на трибина во соработка со Регионалниот советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство.

**2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**

**а) база на податоци** која се однесува на **човечки ресурси**

*** приложете документ** со преглед на **човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

Општината располага со податоци кои се полово разделени во делот на:

-Образование,

-Податоци за раководни места и позиции во општинската администрација,

-Податоци за членови на Управни и надзорни одбори на институции во надлежност на Општината,

-Податоци за даночни обврзници (физички и правни лица во делот на управители и основачи),

-Податоци за жртви на родово базирано насилство во општината од повеќе институции (МВР, ЦСР,НВО).

| | |
|---|---|
| **2.12** | **Дали Локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во ЕЛС?**<br>- ЕЛС има ПРОГРАМА за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2022 година бр.08-124/8 од 09.02.2024 година која Ви ја праќаме во прилог на овој извештај. |
| **2.13** | **Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**<br>**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период**<br>-Во текот на изминатиот период се реализирани тековни активности на КЕМ. Одржана е 1 (една) седници на КЕМ во 2024 година.<br><br>**б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план/Програмата**<br>- "Реконструкција на улица во с.Прждево",<br>- "Реконструкција на фекална канализација на крак 4 од улица Партизанска во Демир Капија",<br>- "Реконструкција на крак 4 на улица Партизанска во Општина Демир Капија",<br>- Проект за надградба на дел од канализациона мрежа, колекторски систем за одведување и пречистување на отпадни води за град Демир Капија,<br>- Реконструкција на каптажа – дел од водоснабдителен систем" (с.Барово и с.Бесвица),<br>- Реконструкција на партерно уредување на КП 659 во населено место Бистренци, општина Демир Капија,<br>- Реконструкција на дел од локален пат с.Корешница-с.Челевец,<br>- "Реконструкција на фекална канализација и водоводна линија на ул.Кирил и Методиј во Демир Капија",<br>- "Реконструкција на ул.Кирил и Методиј" во Општина Демир Капија",<br>Изградба на електрични инсталации за улично осветлување во општина Демир Капија – ул. „Обиколница" и ул. „Парк" во Д.Капија,<br>- Реализација на програмата за еднакви можности од страна на ОЖ Женско лоби Демир Капија кои се пријавија на јавниот повик за реализација на програмата со проект со вклучени активности со наслов: **Унапредување на граѓанското учество во креирање на родово одговорни политики во општина Демир Капија** која се реализира со средства во износ од **156.000,00 денари** за кои што средства **ОЖ Женско лоби** поднесе завршен извештај за реализација на проектот и реализирани активности согласно проектот.<br>**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**<br>- За реализација на програмата е поднесен завршен извештај за реализација на проектот и реализирани активности согласно проектот со број на вклучени жени во активностите и бенефитот од спроведените активности за жените од руралните и градската средина.<br>**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината а колку од донации?**<br>- Во Буџетот на општина Демир Капија се одвоени 300.000,00 денари како средства со кои би се реализирала програмата за еднакви можности, без донации. |
| **2.14.** | **Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**<br>Да, Градоначалникот има потпишано<br>- **Решение** за определување на координатор за еднакви можности бр.**04-682/1** од **31.07.2019** година и<br>- **Решение** за определување на заменик координатор за еднакви можности бр.**04-875/1** од **15.11.2022** година |
| **2.15.** | **Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано?**<br>- Еднаквост и недискриминација.<br>**Дали тој во обуките се јавил/а како:**<br>**А) слушател/слушателка**<br>**Б) обучувач/обучувачка** |

| |
|---|
| **2.16 Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). Координаторот за еднакви можности има посетено:**<br>- Еднаквост и недискриминација<br>- Родово буџетирање<br>- Социјална заштита. |
| **2.17. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**<br>**Ве молиме опишете**<br>- Преку дигитални обуки организирани од МИОА. |
| **2.18. Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности на ЕЛС, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**<br>- Годишна програма за еднакви можности на Општина Демир Капија за 2024 година (усвоена).<br>- Годишен план на седници и активност на Комисијата за еднакви можности за 2024 година (усвоен). |
| **2.19. Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**<br>Сите наведени документи и активности. |

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

| |
|---|
| **3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во ЕЛС текот на извештајната година и како сте ги надминале?**<br>- Главен предизвик со кој се соочува секој координатор е промовирање на концептот на еднаквите можности кај советниците и кај општинската администрација, односно надминување на стереотипното размислување дека тоа не се толку "битни" работи.<br>- **Недостапност на обуки за советниците на тема родова еднаквост**. Советницте имаат потреба од обуки на кои ќе се овозможи поголема сензибилизација, но и учество во работата на КЕМ и на координаторот за еднакви можности, со конкретни идеи, предлози и сугестии,<br>- **Постоење на стереотипи и предрасуди во разбирањето на темата за родовата рамноправност**,<br>- **Тешкотии при собирање на податоци релевантни за темата еднакви можности и родова рамноправност**. Некои од институциите немаат потполни бази или не се родово разделени, но со писмено обраќање до имателите на информации може да се дојде до бараните податоци,<br>- **Нереализирани е-обуки на дел од општинската администрација преку системот на учење на министерството за информатичко општество и администрација**. И покрај превземените мерки за обнова на кориснички имиња и лозинки на вработените со цел непречено влегување во системот за учење и реализирање на обука за еднаквост и дискриминација, беа обучени само 12 вработени кои добија сертификати. |
| **3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса**<br>/ |
| **3.3. Наведете примери за научени лекции**<br>Родовата рамноправност е тема која бара координиран пристап на сите релевантни страни кои ќе дадат придонес во унаредување на процесите и состојбите. Без функционирање на КЕМ не може да се спроведат неопходни активности кои ќе водат кон подобрување на состојбата. |

## 4. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)**

- Организирање настани за промовирање на концептот на родова рамноправност,
- Водење статистика за вклученоста на двата пола во активностите на ЛС и во проекти кои се реализираат,
- Прифаќање и реализација на иницијативни од страна на МТСП и други огранизации со кои ќе се унапреди состојбата со еднаквите можности во Општина Демир Капија
- Зајакнување на соработката помеѓу Комисијата за еднакви можности на жените и мажите со граѓанските невладини организации (НВО) на локално и национално ниво,
- Поттикнување на еднакви можности на жените и мажите за рамноправно учество на жените во јавниот, економскиот и политичкиот живот на локално ниво.

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

- Комисијата за еднакви можности со овој состав формирана е со Одлука на седница на Совет на Општина Демир Капија бр.08-764/9 од 01.12.2021 година.

**5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

**а) Пол- Женски – 2 , Машки - 1**

**б) Образование - 3-Високо**

**в) Етничка припадност - 3-Македонска**

**г) Припадност на политичка партија: 1-СДСМ, 1-ВМРО ДПМНЕ, 1- Независна листа "За Трајни Вредности на Демир Капија".**

**претседател на комисија: Ивана Лазова**

**член: Милица Нацева**

**член: Оливер Недев**

**5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

**а) во креирање и донесување на развојна програма на ЕЛС**

- КЕМ годинава ги разгледуваше годишните развојни програми на институциите под надлежност на локалната самоуправа.

**б) во донесување на буџет на ЕЛС**

- Да , КЕМ го разгледуваше и Буџетот на Општина Демир Капија за 2024 година.

**в) во давање предлози за инкорпорирање на принцип на еднакви можности во работата на органите на ЕЛС**

- КЕМ постојано ја следи работата на основното училиште и детската градинка кои се во надлежност на локалната самоуправа преку програмите и извештаите за работа кои ги доставуваат до Локалната самоуправа, со нагласено внимание за инкорпорираноста на родовиот концепт. При тоа дава свое мислење, предлози и идеи да се подобри состојбата на планот на еднаквоста.

**5.2. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности КЕМ ги има доставено до советот на ЕЛС?**

На барање на Координаторот и заменик координаторот за еднакви можности одговорните лица во институциите во рамките на ЛС доставуваат информации и се води родово разделена статистика на ниво на општина.

**5.3. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?**

Да, има Програма за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година и истата е усвоена од страна на Советот на општина Демир Капија.

**5.4. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.**

- Во текот на 2024 година е одржани се **1 (една)** седница на КЕМ **со следниот дневен ред: Одржана на 02.02.2024 година**

1. Предлог - Програма за еднакви можности на општина Демир Капија за 2024 година,
2. Предлог - Годишен план на седници и активности на жените и мажите на општина Демир Капија за 2024 година.

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС**

-Да се зголеми кординацијата, преку почесто присуство на претставниците на Секторот за еднакви можности од МТСП на локално ниво и реализација на различни активности како трибини, организирање на средби и фокус групи во градското и во руралните подрачја, средби со граѓани, присуство на локални медиуми, итн,

- Организирање на обуки и заеднички работилници и средби на претставници од институции од централно и локално ниво.

-Соработка со координаторите за еднакви можности преку организирање на заеднички обуки во организација на претставници од МТСП –Сектор за еднакви можности.

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**

-Од досегашната пракса се утврди дека концептот на еднакви можности официјално не се имплементира како задолжителен сегмент во секторските политики и програми, но неофицијално, а посебно при планирање на Буџетот се води сметка концептот за еднакви можности, односно се внимава корисниците на Буџетот да бидат подеднакво застапени, по било кој основ,

- Поголемо промовирање на потребата од постоењето на родовата компонента во буџетите на општините кај релевантните фактори на локално ниво од кои зависи имплементацијата на концептот за родовата еднаквост.